## LG CHOCOLATE 3



Компанијата "LG" го претстави третото издание од "чоколадната серија", кое беше направено специјално за операторот "Verizon". Станува збор за телефон на преклопување, кој првенствено е наменет за вљубениците во музиката, бидејќи репродукцијата на музичката содржина (покрај телефонот) му е и основна намена.

Телефонот има сопствени звучници и FM радио приемник. LG Chocolate 3 има 1GB интерна меморија и дополнителен слот за microSD картици за дополнителен капацитет до 8GB. Поседува вградена камера од 2 мегапиксела за фотографирање/снимање, а за брз Интернет и конекција тука е 3G услугата на компанијата "Verizon". Од додатоците се издвојуваат Bluetooth 2.0 со A2DP поддршка, како и V CAST Music & Video сервисот кој овозможува симнување на 3 милиони музички и видеофајлови преку брзата 3G конекција.

## PANASONIC CF-U1



Јапонскиот "Panasonic" и официјално го пушти во продажба мини UMPC Toughbook компјутерот, под ознаката CF-U1, кој пројави голем интерес на минатиот CeBIT. Ова мини чудо е базирано на Intel Atom procesor, поседува екран од 5.6 инчи, QWERTY тастатура и голем број приклучоци. CF-U1 поседува 2mp камера, 1 гига рам меморија, сите можни конекции од wifi, па сè до мобилна 3G, а користи Windows Vista. Овој лаптоп се разликува по тоа што има исклучителна отпорност. Panasonic CF-U1 може да преживее паѓање од 1.2 метри височина, разни гребнатини, потопување во вода и други физички незгоди.

Уредот е со мини димензии од 184x151x57 милиметри, а батериите кои ги користи овозможуваат непрекината работа од 10 часа.

